# ЗАПИСНИК
## од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.03.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, д-р Ивана Стојановска

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.03.2025 година.
2. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
3. Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2024 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Тој посочи дека, во споредба со Нацрт-верзијата, во Извештајот се направени две измени. Првата измена е на страна 7, каде што е отстранет еден пасус кој се однесуваше на иницијативата на Агенцијата за измени во одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за недозволена медиумска концентрација, бидејќи истата информација се повторуваше на две места во воведот. Втората измена, исто така на страна 7, се однесува на корекција во податокот за бројот на одржани седници на Советот – наместо 62, во новата верзија е наведено дека биле одржани 63 седници. Во останатиот дел од Извештајот нема никакви промени.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува годишниот Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (со Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор за 2024 година и Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2024 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2024 година), со текст како што беше предложен.

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатите од извршената ревизија од независниот ревизор за 2024 година. Тој објасни дека по спроведена јавна набавка била избрана ревизорска куќа, која ја извршила ревизијата на финансиското работење на Агенцијата за 2024 година. Предложениот став на АВМУ е дека Агенцијата се согласува со сите наоди во ревизијата, освен со еден дел – „Основа за мислење со резерва", кој се однесува на вредноста на земјиштето под зградата. Овој имот е внесен во билансите по препорака на Државниот завод за ревизија, што е и причината за несогласувањето. Притоа, ставовите на Државниот завод за ревизија и на независниот ревизор што ја изврши ревизијата на работењето на Агенцијата за 2024 година се дијаметрално спротивни. Како државен орган, Агенцијата постапува согласно наодите, забелешките и ставовите на Државниот завод за ревизија.

Г-дин Трајчев истакна дека оваа ситуација се повторува од изминатата година – од една страна, Државниот завод за ревизија укажува дека земјиштето треба да биде внесено во билансите, додека, од друга страна, независните ревизори сметаат дека тоа не е потребно. Во врска со ова, тој праша дали постои можност да се поднесе Информација до Владата и да се побара земјиштето под зградата да се запише и пренесе како имот на Агенцијата? На тој начин би се надминале спротивните ставови на двете ревизии и би се утврдило кој е правилниот начин на постапување, со што ова прашање конечно би се затворило.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека Агенцијата овие прашања ги поставувала уште во фазата на впишување на имотот во Катастарот на РСМ. Во таа насока, биле одржани состаноци со надлежните за имотно-правни односи, Министерството за финансии, Секторот за управување со јавен долг. На тие состаноци било посочено дека целиот имот на државните органи, вклучително и на јавните институции, се води како државен имот. Исклучок од ова правило е можен само доколку во посебен, специјализиран закон (лекс специјалис) е јасно наведено дека одреден орган има право да располага со недвижен имот. Со оглед на тоа што во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е наведено дека Агенцијата не може да располага со недвижен имот, таа не би требало да биде исклучок. Сепак, и покрај повеќекратните состаноци на оваа тема, резултатот останува непроменет – во имотниот лист е впишано дека државата располага со недвижниот имот и земјиштето.

Советот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија за 2024 година од страна на Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје едногласно го утврди следниот Став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски се согласува со мислењето од Ревизорскиот извештај за 2024 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 03-1034/2 од 18.03.2025 година, дека финансиските извештаи ја претставуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата на ден 31.12.2024 година.

Во однос на делот „Основа за мислење со резерва“ кој се однесува на вредноста на земјиштето под зградата, Агенцијата не се согласува, од причина што истото е внесено во билансите по препорака на Државниот завод за ревизија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**